

Не само ликот, туку и името на натприродното суштество ламја (кое често е застапено во македонскиот фолклор) е наследено од античката митологија. Станува збор за истоимените митолошкото суштество ламја (lamia) која се среќава во одделни содржини на оваа митологија.

Но, најнапред да кажеме нешто за ламјата во македонскиот фолклор. И ламјата главно се среќава во македонските народни песни и приказни. Откако прави анализа на нејзиното појавување во македонските народни умотворби, нашиот фолклорист д-р Кирил Пенушлиски во врска со особините на ламјата пишува:

"Ламјата спаѓа во лошите демони што се секогаш непријателски расположени кон луѓето, за разлика од змејот. Во народната фантазија ламјата е замислена како огромна змија со повеќе опашки и со три или девет глави. Во некои верувања таа исто така има форма и на гуштер. И секогаш кога ќе и се отсече една глава на местото израснува друга. Ламјата живее во тајни места, дупки и пештери, во планини, потоа во длабочините на езера и мориња" (д-р Кирил Пенушлиски, "Митот и фолклорот", Скопје, 1996).

Д-р Марко Китевски наведува и други особини за ламјата:

"Во народните приказни ламјата ја запира водата и за да ја пушти бара од луѓето секој ден по еден човек. И најчесто кога ќе треба да ја изеде царската ќерка, ќе се најде некој јунак кој ќе ја убие и ќе стане царски зет" (Марко Китевски: "Прилози за македонскиот фолклор", Култура, Скопје, 1989 год., стр. 23).

И понатаму:

"Во народното верување ламјата останала како опасност за посевите... Марко Цепенков забележал дека 'Во време кога цутат житата ако падни некое утро магла по поле, како што паѓа во зима, житото ќе го испиела и жудливо ќе останело и многу малце ќе било. (Во таа магла имало една ламја што ќе го испиела житото, велат старите)" (М. Китевски, исто како претходното).

И понатаму:

"Во околината на Гевгелија ламјата ја замислувале со голема уста, јазик и заби, со крила, четири нозе и долга опашка, што јаде луѓе, а особено деца." (Марко Китевски: "Прилози за македонскиот фолклор", Култура, Скопје, 1989 год., стр. 24).

Одделни особини на ламјата се претставени и во приказната под наслов "Четириесетте царски синои и четириесетте снаи, големата змија, ламјата, Арапо, царо и дервишот" (Цепенков, цит. дело стр. 91). Овде е даден следниот опис на ламјата:

"Туку беше излегла една ламја од под една пештера, голема колку еден вил со четириесет глаи. Големо страшило, брате мое! Саде да ја погледнеш, ќе умриш од страв, а не да се бориш со неа! Едни нозе што имала како некои најголеми лопати, едни нокти како од некој канџи од најголем кантар; од средната глаа огон и пламен е излегуало од устата и од очите!".

Ламјата се среќава и во умотворбата во која Мирче војвода се биел со кучката-ламја (Душко Наневски: "Раѓање на метафората", Скопје, 1982, стр. 84).

Ламјата се среќава и во приказната "Кучка-ламја" (д-р Стојан Ристески "Преспа под Албанија", цит. дело, стр. 109). Во оваа приказна Дете-голомеше ја победува кучката-ламја.

Овде е и приказната "Човеко со рипчето" во која е застапен мотивот кога кучката-ламја не им пуштала на луѓето од еден град вода за пиење, ако не и давале по една девојка на ден да ја јаде. Подоцна некое момче со итрина ја отепало ламјата и и го отсекло јазикот (д-р Стојан Ристески "Преспа под Албанија", цит. дело, с. 91).

Кај Кузман Шапкарев се среќава умотворба во која Крали Марко убива морска ламја (Шапкарев 21, цит. според Душко Наневски, цит. дело, стр. 84). Оваа ламја дошла од морето во Солунско Поле за да го проголта машкото дете на Марко и да оди на Маркови кули. Ламјата го голтнала детето на Марко, а Марко пошол по неа, ја стигнал и и го распорил срцето, по што го извадил своето машко дете оттаму.

Рековме дека ова натприродно суштество е наследено од античката митологија. Во врска со описот на античкото чудовиште ламја (lamia), во делото на Карлос Парада читаме:

Ламјата била чудовиште кое ја тероризирало земјата на Делфијаните. На ова чудовиште тие морале да му го жртвуваат младиот Алкион (Alcyones). Ламјата била убиена од Еврибат (Eurybatus)." (Карлос Парада, цит. дело, наслов: Lamia 2).

Мислам дека нема што да се додаде во констатацијата дека името и некои од карактеристиките на ламјата во македонскиот фолклор се наследени од античката митологија. Впрочем ова го констатира и д-р Марко Китевски, кој вели:

"Ламјата од нашите верувања има многу сличности со митолошкото суштество Ламија... Ламија е суштество авет кое на луѓето им ја цица крвта и се храни со нивните срца. Грдотијата на Ламија е пословична; таа живее длабоко во земјата или во шуми и провалии. Ламија е ќерка на Бел и Либија; најпрвин била исклучително убава девојка, која ја сакал Зевс, но љубоморната Хера ја казнила со лудило во кое таа ги истепала своите деца. После овој страшен настан Ламија од болка огрдела и животот го минувала без сон, а единствено задоволство и било на мајките да им ги зема децата... Од сево ова може да се види дека митскиот лик на ламјата не можел во целина да биде пренесен од словенската прататковина. Тој лик израснал со мешање на верувањата што Словените ги донесле со себе со оние верувања што ги имале староседелците." (Марко Китевски, "Прилози за македонскиот фолклор", цит. дело, стр. 25 и 26).

Одделни особини на ламјата во македонскиот фолклор се преземени и од митолошкото чудовиште хидра. Со ова суштество борба водел Херакле кој добил задача да ја уништи хидрата. Карлос Парада вака ја опишува хидрата:

"Некои велат дека хидрата имала огромно тело со девет глави... Некои, пак, веле дека таа имала стотици, па дури и безброј, змиски глави" (Карлос Парада, цит. дело, наслов: Heracles).

Парада дава опис на хидрата и за време на нејзината борба со Херакле, па вели:

"Херакле почнал да ги сече нејзините глави, но кога пресекувал една, изникнувале две нови" (Карлос Парада, цит. дело, наслов: Heracles).

Ако се спореди овој опис на хидрата со претходно наведениот опис на ламјата од македонските народни умотворби, ќе се видат забележителни поклопувања. Овде најнапред е поголемиот број глави. Видовме дека ламјата се среќава како чудовиште со девет глави, а исто било и со хидрата. Понатаму и кај ламјата и кај хидрата, отсечената глава се заменувала со друга, која растела на нејзино место. Заеднички сегмент е и местото на живеење. Хидрата живеела во водените длабочини, а исто било и со ламјата (во некои умотворби и таа живеела во водени длабочини). Понатаму и хидрата и ламјата биле налик на змии (хидрата имала змиски глави). На крајот и хидрата и ламјата биле убиени од јунак.

Од ова може да се заклучи дека ламјата во македонскиот фолклор содржи елементи од античките митолошки чудовишта ламја и хидра.

Значи, еве уште еден мотив наследен од културата на античките Македонци.

Историјата не е само минато

**Александар ДОНСКИ**